**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**
**СКОПЈЕ**
**INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË**
**SHKUP**

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e bujqësisë, pylltarisë dhe ekonomisë së ujërave
Државен инспекторат за шумарство и ловство
Inspektorati Shtetëror i Pylltarisë dhe Gjuetisë

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО ЗА 2023 ГОДИНА

Дел. Бр./Nr.Regj. 01-347/1 — Fikri Aliti
[име и презиме/emri dhe mbiermi]

Датум/Data 20. 12. 2022 — Директор/Drejtori
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]/ [funksioni/titulli i udhëheqësit të shërbimit inspektues]

Место/Vendi Скопје/Shkup (м.п.) (v.v) — [потпис/nënshkrimi]

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**
**СКОПЈЕ**
**INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË**
**SHKUP**

Постапувајќи согласно задолжувања од усвоен заклучок бр. 3 од одржаната седница на Владата на Република Северна Македонија, со архивски Бр/Nr. 41-17/55 Скопје, 28 јуни 2022 година/viti по разгледан „ИЗВАДОК-записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година „ТОЧКА 45: Прашања и предлози", а во врска со Годишен план за проценка на корупција, согласно Извештајот за усогласеност на ГРЕКО (петти круг на евалуација), а во однос на Препорака II, и согласно одредбите од Закон за спречување на корупција и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019), Директорот на Државен инспекторат за шумарство и ловство, изготви и донесе:

# *ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО ЗА 2023 ГОДИНА*

## 1. Податоци за надлежности и кадровска екипираност на Државен инспекроат за шумарство и ловство.

### 1.1. <u>Надлежности</u>.

Работите од надлежност на шумарската и ловната инспекција се вршат преку Државниот инспекторат за шумарство и ловство (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување и одлучува за правата и обврските од работен однос, согласно со законот.

Во вршењето на инспекцискиот надзор се применува Законот за општата управна постапка, Закон за прекршоците, Закон за кривична постапка, Кривичниот законик, Закон за шумарска и ловна инспекција, Законот за инспекцискиот надзор, Законот за шумите, Законот за ловство и Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност доколку со Закон или друг управен акт поинаку не е уредено.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**
**СКОПЈЕ**
**INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË**
**SHKUP**

Инспекторите се самостојни во вршење на задачите од инспекцискиот надзор во рамките на своите овластувања.

Инспекторите ги вршат задачите на инспекцискиот надзор со цел за заштитување на јавниот интерес, како и интересите на правните и физичките лица.

Инспекторите ја известуваат јавноста за преземените мерки, доколку тоа е потребно да се заштитат правата на правните и физичките лица и во случај кога е потребно за обезбедување на почитување на правниот ред, односно нивните решенија.

Инспекторите мора да ги вршат своите задачи така што при врешење на своите овластувања навлегуваат во работата на правните и физичките лица само во обем кој е нужен за обезбедување на ефикасен инспекциски надзор.

При изборот на мерките, инспекторот ја зема предвид тежината на прекршувањето, изречува мерка која е поповолна за правното или физичкото лице кај кое инспекторот врши надзор доколку со тоа е постигната целта на прописот.

При одредувањето на рокот за отстранување на неправилностите и незаконитостите, инспекторот ја земе предвид тежината на прекршувањето, последиците за јавниот интерес и околностите од кои зависи за кое време лицето е должно да ги отстрани неправилностите.

Надзорот над спроведувањето на одредбите од Закон за шумите и на прописите донесени врз основа на него го врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство. Работите на инспекцискиот надзор ги вршат државни инспектори за шумарство.

Надзор над спроведувањето на одредбите од Закон за ловството и на прописите донесени врз негова основа, врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот инспекторат за шумарство и ловство преку ловни инспектори.

Надзор над спроведувањето на одредбите од Закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го вршат инспектори за шумарство.

Со Законот за шумите се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето, чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост. Одредбите на овој закон се применуваат на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственос та и намената.

Со Законот за ловството се уредуваат одгледувањето, заштитата, ловењето и користењето на дивечот инеговите делови. Дивечот е во државна сопственост и како добро од општ интерес за Република Северна Македонија ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со овој закон и Законот за заштита наприродата. Дивечот се одгледува, заштитува, лови и користи во ловиште според посебналовностопанска основа.

Со Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја се уредува признавањето на основниот материјал, производството, прометот и употребата на репродуктивниот материјал од шумски и декоративни видови дрвја.

Со Законот за шумарска и ловна инспекција се уредуват начелата на инспекцискиот надзор, надлежностите, организацијата на инспекцијата, положбата,

правата и должностите на инспекторите, постапките на инспекцискиот надзор и други прашања поврзани со инспекцискиот надзор.

Со Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност се уредува што се смета за вршење на нерегистрирана дејност, исклучоците за тоа што не се смета за вршење на нерегистрирана дејност, соучесниците во вршењето на нерегистрирана дејност, надлежните органи за постапување при спречување и заштита од појавата на нерегистрирана дејност, инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон, управните мерки за заштита, како и прекршочните одредби.

## 1.2. *Кадровска екипираност.*

Во мометот на изготвување на овој Годишен план за спречување на корупција во Државен инспекторат за шумарство и ловство, кадровската екипираност е следната:

*а) Раководство.*

Со Државниот инспекторат за шумарство и ловство раководи Директор, со секторите раководат раководители на сектори, а со одделенијата раководат раководители на одделенија.

*б) Организациска структура:*

Државниот инспекторат за шумарство и ловство согласно систематизацијата е организиран во три сектора.

- Сектор за инспекциски надзор во шумарството, кој опфаќа две регионални одделенија за инспекциски надзор во шумарството;
- Сектор за инспекциски надзор во ловството, кој опфаќа две регионални одделенија исток и запад за инспекциски надзор во ловството.
- Сектор за правни, административни работи и човечки ресурси кој опфаќа две одделенијаза правни и административни работи и за човечки ресурси како и одделение за финансиски прашања (независна единица).

*в) Состојба со човекови ресурси:*

Во текот до изготвување на годишниот план бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциските надзори е следниот:

- Главен инспектор-Раководител на сектор за шумарство еден (1);
- Главен инспектор-Раководител на сектор за ловство еден (1);
- Виш инспектор – Раководител на одделение за шумарство еден (1);
- Советник инспектор за шумарство тринаесет (13);
- Советник инспектор за ловство еден (1) и
- Останато/Сектор за правни, административни работи и човечки ресурси кој опфаќа две одделенијаза правни и административни работи и за човечки ресурси осум (8).

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
СКОПЈЕ
INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË
SHKUP

## 2. Податоци за истражување на можни појави на корупција при вршење на инспекциски надзори.

Согласно член 32 став 4 од Закон за инспекциски надзор и правилникот за елемнтите на проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценка на ризик, Државен инспекторат за шумарство и ловство до Инспекциски совет има доставено во законски рок „Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, од страна на Државен инспекторат за шумарство и ловство – Скопје" со архивски број 01-197/1 од 21.09.2020 година, за што Инспекциски совет дава позитивно мислење со Предмет: Заклучок од 181-та седница на Инспекциски совет со архивски број 13765/3 од 08.10.2020 година.

ОБЛАСТ ШУМАРСТВО

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори кај правните и физички лица кои го врашат: планирањето, управувањето, одгледувањето, заштитата и користењето (во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост, како и правните и физички лица кои вршат: признавање на основниот материјал, производство, промет и употреба на репродуктивниот материјал од шумски и декоративни видови дрвја (во понатамошниот текст "Методологија") се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државен инспекторат за шумарство и ловство-Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на стопанисување со шумите и производство и трговија на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор, а се применува од инспекторите од Државен инспекторат за шумарство и ловство-Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството.

ОБЛАСТ ЛОВСТВО

Методологијата за проценка на ризикот при планирање на инспекцискиот надзор во субјектите кои стопанисуваат со дивечот во ловиштата (концесионери) е законска обврска и е неопходен елемент за проценка на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциските надзори. Со методологијата за проценка на ризикот при планирањето на инспекцискиот надзор се овозможува при планирањето (годишен план за работа на инспекциската служба) да се утврдат степените на ризици според кои ќе се определуваат инспекциските активности на Државниот инспекторат за шумарство и ловство (Секторот за инспекциски надзори во ловството), економските дејности и бројот на субјекти на надзор над кои ќе се врши инспекциски надзор во текот на годината, како и ангажман и

работата на инспекторот, потребното време и други ресурси потребни за вршење на инспекцискиот надзор

ОБЛАСТ ШУМАРСТВО

Согласно Законот за шумарска и ловна инспекција („Сл. весник на Република Македонија" бр.: 88/2008, 6/10, 36/11, 74/12, 164/13, 43/14, 33/2015, 149/2015, 53/2016 и 83/2018), Закон за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број: 64/2009, 24/2011, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014, 160/2014, 33/2015, 44/2015 , 147/2015, 7/2016, 39/2016 и 147/2017), Закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја ("Службен весник на Република Македонија" број: 55/2007, 148/2011 и 39/2016), Државниот инспекторат за шумарство и ловство-Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството, врши инспекциски надзор со цел за заштитување на јавниот интерес, како и интересите на правните и физичките лица, врши надзори над: планирањето, управувањето, стопанисувањето (одгледувањето, заштитата и користењето, во натамошниот текст: стопанисување со шумите), чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост, на сите шуми и шумско земјиште без оглед на сопственоста и намената и врши надзори над: признавањето на основниот материјал, производството, прометот и употребата на репродуктивниот материјал од шумски и декоративни видови дрвја.

Инспекциски надзор се врши во следните субјекти: парвни и физички лица кои вршат стопанисување со шумите, правни и физички лица кои вршат производство и промет на основниот материјал, начинот на производството, прометот и употребата на репродуктивниот материјал од шумски и декоративни видови дрвја, како и инспекциски надзори на правни и физички лица кои се или не се регистрирани да вршат промет на дрво и дрвни сортименти, како и правни и физички лица кои не се регистрирани за производство на основен материјал, како и прометот и употребата на репродуктивниот материјал од шумски и декоративни видови дрвја.

ОБЛАСТ ЛОВСТВО

Согласно Законот за шумарска и ловна инспекција, Државниот инспекторат за шумарство и ловство (Секторот за инспекциски надзор во ловството) врши инспекциски надзор над квалитетот на работењето на субјектите кои стопанисуваат со дивечот во ловиштата (концесионери), како и надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на ловството.

Инспекциски надзор се врши во следните субјекти кои стопанисуват со дивечот во ловиштата:

- Здруженија на граѓани
- Правни лица
- ЈП Национални шуми
- ЈУ Национални паркови
- Правни лица кои управуваат со шуми со посебна намена (заштитени подрачја, споменици на природата, заштитни шуми итн.)

Штетните последици можат да произлезат од не спроведување на општиот план за стопанисување со шумите за територијата на Република Северна Македонија,

неприменување, односно погрешно или недоволно применување на прописите од страна на субјектите врз кои Државниот инспекторат за шумарство и ловство-Сектор за инспкекциски надзор од областа на шумарството врши инспекциски надзор.

ОБЛАСТ ШУМАРСТВО

| Области | Групи субјекти | Нумеричка вредност на ризик и опис |
|---|---|---|
| А. Стопанисување со шумите | 1. Корисници на шуми во државна сопственост со стопанска намена; | 9- висок ризик |
| | 1. Корисници на шуми во државна сопственост со посебна намена; | 6-висок ризик |
| | 3. Национални паркови; | 6-висок ризик |
| | 4. Сопственици на приватни шуми; | 9-висок ризик |
| | 5. Правни субјекти кои вршат промет на дрво и дрвни сортименти; | 9-висок ризик |
| | 6. Правни субјекти кои вршат шумскокултурни работи; | 9-висок ризик |
| | 7. Правни и физички лица кои вршат користење на дрво и дрвни сортименти; | 9-висок ризик |
| | 1. Правни и физички лица кои вршат собирање на други шумски производи; | 6-висок ризик |
| Б. Производство на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | 1. Правни и физички лица кои вршат производство и трговија на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја | 2- низок ризик |
| В. Нерегистрирана дејност | 1. Правни и физички лица | 2-низок ризик |

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО**
**СКОПЈЕ**
**INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË**
**SHKUP**

***Можни појави на корупција при вршење на инспекциски надзори се кај сите***

| Области | Групи субјекти | Нумеричка вредност на ризик и опис |
|---|---|---|
| А. Стопанисување со ловиштата | 1. Недоволна заштита на дивечот во ловиштата (ловочуварска служба) | **2- низок ризик** |
| | 2. Недоволно стручно управување со ловиштата (ловник) | **2- низок ризик** |
| | 3. Спроведување на обврските од ловностопанската основа | **4-среден ризик** |

***Можни појави на корупција при вршење на инспекциски надзори се кај сите субјекти на надзорот, а особено при надзор на субјектите со висок ризик.***

### 3.Проценка на ризик за појава на корупција кај инспекторите во Државен инспекторат за шумарство и ловство.

При досегашните аналици се проценува дека е можна појава на корупција на инспекторите во Државниот инспекторат за шумарство и ловство при вршење на инспекциските надзори во следните надзори:

- Преглед на ознака за сеча;
- Надзор на сечиште;
- Надзор на сечишта во оддели/пододдели, за кои субјектите на надзорот кои стопанисуваат со шуми имаат склучено договори за продажба на дрво и дрвни сортименти покрај пенушка, договори за продажба на дрво и дрвни сортименти на пенушка, договори за извршување на шумскокултурни работи во фазите сеча и дотур со оператори, договори за транспорт на двни сортименти, договор за сеча, дотур и транспорт за чистење или просветлување на траса на земјен шумско камионски пат;
- Продажба на дрво и дрвни сортименти кај невладини организации на пензионери, пензионери инвалиди и синдикални организации;
- Управен акт решение со кое субјектот на надзорот се задолжува да воведе и одржи шумски ред во сечиште, опожарена површина, воведе и одржи шумски ред во опустошена шума од бесправна сеча;
- Лиценцирани правни субјекти кои вршат шумскокултурни работи сеча и дотур;
- Правни субјекти кои вршат промет со дрво и дрвни сортименти;
- Приватни шуми;
- Регистрирано производство на семе и саден материјал од шумски видови дрвја;
- Промет со семе и саден материјал од шумски видови дрвја спротивно од одредбите на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја;

- Извршување на одгледни мерки во шума;
- Заштита на шума;
- Заштита на дивечот;
- Одгледување, заштита и користење на дивеч;
- Спроведување на Договор за концесија на ловиште;
- Инспекциски надзори и постапки при прекршување на одредбите од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност.

## 4.Податоци за одговорни лица за спречување на корупција.

Одговрни лица за спречување на корупција се:

- ✓ Fikri Aliti-Директор на Државен инспекторат за шумарство и ловство;
- ✓ Марјан Мицев-Раководител на сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството;
- ✓ Трајче Ангелов-Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа шумарството во Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството;
- ✓ Зоран Вуиќ-Раководител на сектор за инспекциски надзор во ловството во Сектор за инспекциски надзор од областа на ловството.

## 5.Организациони единици кои учествуваат во спроведувањето на спречување на корупција

Во Држевен инспекторат за шумарство и ловство организациони единици за спречување на корупција се:

- Директор на Државен инспекторат за шумарство и ловство со Сектор за правни и административни работи;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството, преку Раковоител на сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството и Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа на шумарството;
- Сектор за инспекциски надзор од областа на ловството, преку Раководител на сектор за инспекциски надзор од областа на ловството.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
СКОПЈЕ
INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË
SHKUP

## 6.Оперативен тим надлежен за спроведување на спречување на корупција.

Оперативниот тим надлежен за спроведување на спречување на корупција е во состав:

- Fikri Aliti-Директор на Државен инспекторат за шумарство и ловство;
- Марјан Мицев-Раководител на сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството;
- Трајче Ангелов-Раководител на одделение за инспекциски надзор од областа шумарството во Сектор за инспекциски надзор од областа на шумарството;
- Зоран Вуиќ-Раководител на одделение за инспекциски надзор во ловството во Сектор за инспекциски надзор од областа на ловството;
- Mazes Qaili-Виш соработник во сектор за правни и административни работи.

## 7.Предлог мерки и активности кои треба да се спроведат за спречување на корупција.

За спречување на појава на корупција се даваат како предлог следните мерки:

7.1. Континуирано следење на работата на инспекторите како самостален орган, преку нивните месечни, квартаални и полугодишни извештаи;

7.2. Контроли на терен на лице место и во нивната документација при водење на инспекциска постапка, по случаен избор на извршените работи согласно нивните овластувања, работи и работни задачи;

7.3. Контроли во работењето на инспекторите по основ на надворешни и внатрени укажувачи и преставки.

## 8. Начин на комуникација на одговрните лица за спречување на корупција.

Комуникацијата на одговорните лица за спречување на корупција, ќе се одвива:

8.1. Преку работни состаноци;
8.2. Телефонска мрежа;
8.3. Електронска пошта.

## 9.Финансиска стратегија.

За извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција, е како следува:

9.1. Трошоци за комуникација-нема дополнителни издатоци, бидејќи сите огворни лица и инспекторите се поврзани бесплатно преку мобилна телефонија и интернет;

9.2. Трошоци за гориво. Минималните трошоци за гориво за извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција се планират да се во износ од 30.000,оо денари;

9.3. Трошоци за сместување и храна. Минималните трошоци за сместување и храна за извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција се планират да се во износ од 70.000,оо денари;

9.4. Материјални трошоци. Минималните материјални трошоци за извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција се планират да се во износ од 10.000,оо денари;

9.5. Трошоци за дневници и прекувремена работа. Минималните трошоци за дневници и прекувремена работа за извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција се планират да се во износ од 100.000,оо денари

9.6. Други непредвидени трошоци. Минималните други непредвидени трошоци за извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција се планират да се во износ од 30.000,оо денари.

## 10.Надлежни органи во случај на појава на корупција.

Надлежни органи во случај на појава на корупција, и поднесување на соодветна постапка према инспекторот кој има сомнеж или остварил корупција се:

10.1. Државен инспекторат за шумарство и ловство, преку соодветна формирана комисија која ќе ја води постапката за евентуален сомнеж за корупција кај инспектор;

10.2. Државна комисија за спречување на корупција;

10.3. Месно надлежна Основно јавно обвинителство каде би се јавил случај на корупција на инспектор;

10.4. Месно надлежен Основен суд каде би се јавил случај на корупција на инспектор.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
СКОПЈЕ
INSPEKTORATI SHTETËROR I PYLLTARISË DHE I GJUETISË
SHKUP

## 11.Соработка со други институции.

Доколку при извршување на мерките и активностите кои треба да се спроведат за спречување на корупција на одговрните лица за спречување на корупција, истите ќе соработуваат со следните институции:

11.1. Државна комисија за спречување на корупција;

11.2. МВР Одделение за организиран криминал месно надлежен при евентуална појава на корупција кај инспектор;

11.3. МВР Независна канцеларија за криминални работи месно надлежен при евентуална појава на корупција кај инспектор;

11.4. Месно надлежна Основно јавно обвинителство каде би се јавил случај на корупција на инспектор;